РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1
Примено: 02.10.2008
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
07 | 6497 | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РМ” бр. 103/08), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот ***ликовно образование*** за I одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух.

НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ
СО ОШТЕТЕН СЛУХ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

I ОДДЕЛЕНИЕ

Скопје, мај 2008 година

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

# 1. ВОВЕД

Предметот *ликовно образование* претставува составен дел од концептот за задолжително деветгодишно образование. Се изучува како задолжителен предмет од I до IX одделение. Од I до V одделение застапен е со по два часа неделно. Од VI до IX одделение бројот на часовите се намалува и предметот ликовно образование се изучува со по еден час неделно.

Ликовното образование нуди можност за стекнување трајни и употребливи знаења и вештини за ликовно изразување. Тоа му помага на ученикот да го спознае светот и да се интегрира во него.

Запознавањето на ликовните вредности во светот околу себе има свој развоен пат. Детето уште од најрана возраст пројавува спонтана љубопитност и интерес.

Преку решавање на ликовните проблеми се поттикнува психомоторниот, емотивниот и интелектуалниот развој на ученикот, се развива неговата фантазија и чувството за естетско проценување. Ученикот се учи да набљудува, да го пронаоѓа значењето во уметничките вредности на предметите и да воспостави врска со уметноста која ќе биде присутна во текот на целиот негов живот.

Ликовното образование се темели на процесот на истражување и творештво. Тоа ги уважува и следи развојните фази на ученикот, неговото ликовно изразување и творење, а, од наставникот се бара креативен и флексибилен пристап во реализацијата на планираните активности.

Предложените активности и методи овозможуваат интеграција на поими и смислено поврзување на целите од ликовната уметност со предметите: музички стимулации и ритмички вежби, математика, македонски јазик и запознавање на околината.

Статус на предметот: **задолжителен**.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД I ДО III ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да се воведува во доживувањето на ликовната уметност како дел од општественото и културното живеење;
- да се оспособува за доживување, спознавање и уживање во ликовната уметност;
- да се воведува во спознавањето на ликовниот јазик: запознавање со светот на боите и со линијата во визуелната комуникација со надворешниот свет;
- да се воведува во доживување и спознавање на комуникацијата со и за ликовните дела;
- да се воведува во светот на ликовното творештво: развивање, стекнување и негување на сетилниот сензибилитет во непосредната визуелна стварност, задоволување на истражувачките потреби и љубопитноста во манипулирањето со различни ликовни материјали и техники;
- да ги открива и негува специфичните уметнички способности и надареност;
- да се поттикнува да ја буди сопствената креативност, нејзиното развивање и истражување;
- да ги негуваат и развиваат индивидуалните творечки потенцијали во фаза на доживување, креативно мислење и изразување и развивање на фантазијата;
- да ја развива способноста за изразување на своите доживувања преку ликовниот јазик;
- да ја развива визуелната и тактилната перцепција;
- да ја открива, запознава и почитува сопствената различност, но, да ја почитува различноста на другите во творечката интеракција и комуникација;
- да развива интерес за вклучување во одржувањето и облагородувањето на просторот во кој престојува, како и уредувањето и одржувањето на надворешниот простор;
- да се воведува во доживувањето на ликовната уметност како дел од општественото и културното живеење;
- да се оспособува да ги вреднува уметничките творби, предметите од применетата уметност, за секојдневна употреба, од народното творештво и детските ликовни творби;
- да се оспособува за користење и ликовно изразување со информатичката компјутерска технологија.

## 3. РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО I ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да познава нови зборови и термини кои се користат во наставните содржини;
- да се поттикнува да изразува љубопитност и интерес за ликовна работа и творење;
- да развива способности за примена на разни материјали и техники за цртање, сликање, моделирање и градење во ликовното изразување;
- да ги знае и разликува особеностите на ликовните материјали, постапките за работа и правилната употреба на помагалата и алатот во ликовно - творечката работа;
- да го открива и запознава ликовниот јазик- ликовните елементи: линија, боја, форма, површина и нивната употреба во ликовното творештво;
- да знае и да ги објаснува основните поими и ликовните термини за светот кој го окружува;
- да ги искажува самостојно и слободно своите сознанија, доживувања и впечатоци, мисли и фантазија со помош на ликовниот јазик и творештвото;
- да открива разни постапки на ликовно изразување (со капење, гребење, прскање, туфитање и др.);
- да умее да направи избор на идеја, активност и средства и да создаде ликовна творба;
- да развива способности за набљудување, критичко мислење, вербално објаснување и естетско проценување;
- да умее да споредува и да утврдува сличности и разлики меѓу предметите и појавите и да ги открива ликовните вредности;
- да ги применува стекнатите знаења во училишниот живот и животната практика;
- да умее, да разбира и да искажува различни емоции преку сликарски материјали и техники;
- да развива културно-хигиенотехнички и работни навики;
- да развива потреба за чување и оплеменување на својата околина;
- да развива способност за визуелна и тактилна перцепција;
- да умее слободно да комуницира со своите врсници и возрасните;
- да умее вербално да ја објасни ликовната творба;
- да се запознае со културното наследство;
- да создава навики за негување и чување на културните вредности;
- да умее да ја користи компјутерската техника за ликовно творештво.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ЦРТАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученокот/ученичката:**<br>- да ги препознава и именува подлогите и цртачките материјали;<br>- да умее да перцепира и да ја воочува структурата и разновидноста на природата и објектите од непосредната околина;<br>- да развива чувство за линија низ спонтано ликовно творење;<br>- да воочува и разликува форми, линии, плоштини и големини во природата;<br>- да помни и претставува надворешен и внатрешен простор;<br>- да сознава дека преку цртежот можат да се искажуваат мисли, расположение и да се комуницира;<br>- да применува контурна линија;<br>- да претставува различност на предметите (текстура) со различни цртачки материјали;<br>- да негува навики за правилно држење на телото при ликовната работа;<br>- да запознава ликовно дело, наслов и име на уметник што му остава впечаток. | Основни средства за цртање и нивна употреба<br><br>Ликовни елементи во цртањето<br><br>Цртање | - Цртање,<br>- видови линии,<br>- контура,<br>- декорирање,<br>- ритам,<br>- сенчење,<br>- внатрешен простор,<br>- надворешен простор. | - Црта линии со различна дебелина, интензитет и прецизност;<br><br>- истражува со различни материјали по различни ликовни подлоги;<br><br>- со линија ги изразува предметите и објектите од непосредната околина;<br><br>- црта по набљудување, помнење и фантазија;<br><br>- црта контурна линија;<br><br>- црта текстура на природни појави;<br><br>- го изразува внатрешниот и надворешниот простор со видови линии и текстура. |

| СЛИКАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да ги препознава и именува подлогите и сликарските материјали;<br>- да ракува правилно со разни материјали (техники за сликање);<br>- да ги знае основните бои и да знае како истите да ги примени за добивање на секундарните бои;<br>- да ги користи основните бои и истите да ги примени за добивање на секундарните бои;<br>- да се запознае со ахроматските бои и да ги користи во ликовното изразување;<br>- да изразуваат контраст (светло-темно);<br>- да се запознае со топлите и ладните бои и да ги користи во ликовното изразување;<br>- да ги развива и негува хигиено-техничките и работните навики. | Основни средства за сликање и нивна употреба<br><br>Сликање | - Сликање;<br>- основни бои;<br>- секундарни бои;<br>- ахроматски бои;<br>- ладни и топли бои;<br>- видови пастел;<br>- светло-темно. | - Го подготвува просторот за сликање (со стара хартја, мушама и др., врши избор на четки, по ко ристењето на приборот самостој но го мие и го враќа на место);<br>- споредува траги што сликарските бои ги оставаат на разновидни подлоги;<br>- во спонтано ликовно творештво на секој час користи различен сликарски материјал и техника;<br>- директно слика со четки и бои и со пастел без претходно да го црта мотивот со молив;<br>- -воочува во непосредната околина контраст на светло и темно;<br>- истражува и самостојно заклучу-ва како се добива сивата боја;<br>- истражува и изразува чувства со сликање со ладни и топли бои;<br>- забележува дека формите и предметите полесно се разликуваат кога се обоени;<br>- ги прикажува основните, изведените и ахроматските бои во ликовна целина. |

## ОБЛИКУВАЊЕ ВО ПРОСТОРОТ, МОДЕЛИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да ги користи материјалите за моделирање;<br>- да ја набљудува и истражува околината и да ги забележува ликовните карактеристики на формите;<br>- да ги открие карактеристиките на материјалите преку визуелни, тактилни и други сетила;<br>- да моделира тридимензионални форми (едноставна и сложена);<br>- да го препознава и доживува внатрешниот и надворешниот простор;<br>- да негува осетливост за просторот и волуменот преку спонтано моделирање и ликовно творење;<br>- да стекнува искуство за карак-теристиките на одделни предмети: едноставен-сложен, аглест - валчест, полн - празен, голем - мал;<br>- да ја развива визуелната и тактилната перцепција и да ги воочува разликите на волуменот и големината;<br>- да создава навики и вештини за правилно користење на средствата и помагалата за моделирање и градење. | Основни средства за моделирање<br><br>Моделирање<br><br>Основни средства за обликување<br><br>Обликување | - Моделирање,<br>- Фигура,<br>- празно-полно,<br>- вдлабнато-испакнато,<br>- отворено-затворено,<br>- издупчено,<br>- едноставна форма,<br>- сложена форма,<br>- внатрешен и надворешен простор,<br>- каширање,<br>- макета. | -Го набљудува и чувствува просторот во неговата тридимензионалност;<br>-моделира со глина, глиномол, пластелин, тесто (зеленчукови и овошни плодови);<br>- истражува со ликовните материјали со постапки на додавање, одземање, втиснување, длабење и сл.;<br>-моделира разни форми (мајка со дете, сообраќајни средства);<br>- обликува и конструира разни макети (училиште, училница, мојата соба, мојот дом);<br>- кашира маски, кошнички, плодови, животни и др. |

| ПЕЧАТЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да избира предмети со кои ќе печати;<br>- самостојно да печати и делумно да учествува во изработката на печатите;<br>- да печати со природни материјали и да заклучи дека може да се повтори истата форма;<br>- самостојно да исцртува и отсекува елементи за картон - печатот;<br>- самостојно да изработи монотипија;<br>- да се стекне со елементарни знаења за печатењето, за печатите и за графичкиот лист. | Основни материјали за печатење<br><br><br><br>Печатење | - Печатење,<br>- печат (шаблон),<br>- ритам,<br>- графички лист-отпечаток,<br>- форма;<br>- монотипија,<br>- картон - печат,<br>- декорација. | -Избира предмети - листови од растенија, плодови, школки, бои, подлоги и печати со нив;<br>-изработува шаблон за картон печат и печати со него;<br>-истражува со печатење при што со повторување на истиот отпечаток со користење на ритам добива шара;<br>-отсекува парчиња, остри, гребе, сецка (од восочен пастел прави композиција (од температура се топи пастелот и создава монотипија;<br>-вежби: доработување на монотипијата со боење. |

| ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ И ДИЗАЈН | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да воочува ликовни вредности (украси, шари, бои) на предметите за секојдневна употреба;<br>- да открива дека предметите имаат употреблива и практична функција и естетски се обликувани;<br>- да дизајнира предмети за секојдневна употреба;<br>- да го применува ритмот за декорирање на предмети со повторување на иста линија, боја и форма;<br>- да се запознава со примената на формата, бојата и линијата во визуелните комуникации (цртан филм, сликовница);<br>- да развива чувство за соодветно користење на боите, формите, линиите при изработка на нацрти за дезен;<br>- да ги запознава основните визуелни медиуми и средства: фотографија, филм, телевизија, сообраќајни знаци, компјутер и др. | Изработка на дезен<br><br>Декорација на предмети за секојдневна употреба<br><br>Изработка на украсни предмети<br><br>Декорирање на амбалажа<br><br>Примена на компјутер за изработка на дезен | - Декорирање,<br>- Ритам,<br>- дезен (шара),<br>- украс,<br>- накит. | -Ја набљудува, анализира и воочува естетската вредност на предметите;<br>-разговара за естетската вредност на предметите;<br>-изработува нацрти за декорирање предмети (чаршаф, салфетка, тапет, шалче);<br>-декорира разни украсни предмети при што внесува ритам и колорит (чаши, чинии, украси);<br>-изработува новогодишни украсни предмети од разна амбалажа;<br>-изработува накит по свој избор (обетки, гердан, брош);<br>-го користи компјутерот за изработка на дезен. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

➢ Наставните содржини по предметот ликовно образование даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, запознавање на околината, музички стимулации и ритмички вежби и физичко и здравствено образование. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

➢ **Годишниот фонд на часови.**

| | ТЕМИ | Број на часови |
|---|---|---|
| 1. | Цртање | 30 часа |
| 2. | Сликање | 16 часа |
| 3. | Обликување во просторот, моделирање и градење | 12 часа |
| 4. | Печатење | 6 часа |
| 5. | Визуелна комуникација и дизајн | 8 часа |
| | **Вкупно:** | **72 часа** |

*Забелешка:Бројот на часовите е даден ориентационо.*

➢ **Наставни средства:**
- разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
- дидактички средства и материјали;
- визуелни средства (предмети од непосредната околина, репродукции, детски творби, апликации и сл.);
- слајдови, сликовници, списанија и сл.;
- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД-плеер, видеоплеер, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер и други средства зависно од предметот);
- Интернет, образовни софтвери.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, колективна соработката и сл. (формативно оценување).

Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

Начини на проверување и оценување:

- **описно оценување**:
  - опсервација на ученикот;
  - разговор (тотална метода на комуникација) како начин на изразување;
  - вербално опишување на сопствениот цртеж;
  - степен на совладаноста на ликовните техники;
  - индивидуални креативни способности;
  - учество и изведба на ликовна творба;
  - воочување и препознавање на разни предмети од непосредната околина и применување во ликовното творештво;
  - презентација на ликовните ученички творби;
  - креативно изразување и творење во ликовните техники;
  - препознавање на ликовни техники и материјали;
  - активно учество во тимската работа и др.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор и на наставните средства донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во прво одделение може да ја изведува лице кое завршило:

-Дефектолошки факултет-Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;

-Дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 9. НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ДОНЕСЕНА НА 21. О6. 2007 ГОДИНА СО РЕШЕНИЕ БР. 10-1009/2, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН СЛУХ ЈА АДАПТИРАШЕ КОМИСИЈАТА ВО СОСТАВ:

1. Марија Симонова, советник за посебно образование, БРО - Скопје
2. Живка Јордановска, директор на Институтот за слух, говор и глас - Скопје

## 10. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата по предметот ***ликовно образование*** за прво одделение во деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух ја донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-1958/Г
02.10 2008 год.
СКОПЈЕ

---------------------------------------------
Перо Стојановски,
министер за образование и наука

----------------------------------- Скопје